ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

**Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Дервен'' Велес**

Бр.02-4322/1
18 октомври 2023 година
Велес

Врз основа на член 17, 17-б и 17-в од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на Републиика Македонија'' бр.338/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.75/19, 89/22 и 274/22), како и чл.4 и чл.5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија (,,Службен весник на Републиика Северна Македонија'' бр.283 од 27.12.2022 година, Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Дервен'' Велес формирана со Решение арх.бр.25-2123/22 од 27.04.2023 година, од страна на Советот на Општина Велес во состав:

1.Марија Чатмова-претседател
2.Зорица Миладиновска-заменик член
3.Сашко Ѓорѓиев-член

за својата работа, го изготви следниот

## ЗАПИСНИК

Состанокот на Комисијата одржан на 18 октомври 2023 година, започна во 09,30 часот и со него претседаваше претседателот на Комисијата, Марија Чатмова.

На состнокот на Комисијата присуствуваа заменик членот Зорица Миладиновска и членот Сашко Ѓорѓиев.

Согласно член 17-б и член 17-в од Законот за јавните претпријатија, Комисијата спроведе административна селекција на кандидатите за членови на управен одбор на ЈКП Дервен, уредно пријавени на Јавниот повик за избор на членови на Управен одбор на ЈКП Дервен Велес бр.25-3658/14 од 31.08.2023 година

При административната селекција (фаза1), Комисијата изврши проверка на внесените податоци во поднесените пријави со условите утврдени со Јавниот повик и Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и врз основа на член 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување, селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на

јавните претпријатија изврши бодување на пријавените кандидати, според стекнато образование и работното искуство во струката, при што ги бодуваше и сите поединечни докази (сертификати, лиценци, уеренија, дипломи издадени од акредитирани институции) од областа за која треба да бидат членовите на Управниот одбор.

Врз основа на спроведената административна селекција Комисијата констатираше дека од вкупно пријавени 10 (десет) кандидати, условите утврдени во Јавниот повик, ги исполнуваат 7(седум) кандидати, а врз основа на извршеното бодување ја изготви следната нацрт-листа:

1 Горан Бузалковски-работно искуство од областа на техничките науки-42 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-30 бода
-останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-2 бода

2 Александар Каракачанов-работно искуство од областа на техничките науки-30 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-20 бода

3 Тања Маневска -работно искуство од областа на финансиското работење-26 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода
-останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-1 бод

4 Борис Николов -работно искуство од областа на правните работи-26 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода
-останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-1 бод

5.Маја Демерџиева -работно искуство од областа на финансиското работење -25 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода

6.Димче Крстевски -работно искуство од областа на техничките науки-25 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода

7.Билјана Ангелова -работно искуство од областа на правните работи-21 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-10 бода

-останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-1 бод

Кандидатите, најдоцна 24 часа од денот на објавувањето на записникот на веб страницата на основачот, можат да побараат увид во однос на бодувањето на доказите кои ги имаат доставено кон пријавата и да и укажат на Комисијата за несоодветност во однос на бодувањето.

Состанокот на Комисијата заврши во 11,30 часот.

**Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавнокомунално претпријатие „Дервен" Велес**

Марија Чатмова, Претседател---------------
Зорица Миладиновска, заменик член______
Сашко Ѓорѓиев, Член__________________